МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА,
РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Арх. Број: 04-1556/7
Датум: 30.05. 2025 година

Врз основа на член 11 и член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 80/2016, 127/2016, 142/2016, 2/2017, 16/2017, 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/2019, 14/2020, 112/2020, 215/2021, 99/2022, 208/2024 и 210/2024), Државниот секретар на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## За избор на кандидат за вработување на неопределено време

1. За извршител на работно место Помлад соработник за унапредување на енергетската ефикасност во секторот на потрошувачка на енергија, во Одделението за унапредување на енергетска ефикасност, Сектор за енергетска ефикаснот и климатски промени, шифра број УПР0101В04000 се избира Војо Главинчевски.

2. Именованиот ќе биде вработен на работно место од точка 1, по конечноста на оваа Одлука за што ќе се донесе посебно решение за распоредување и решение за плата.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за селекција на кандидати за вработување формирана со решение од Агенцијата за администратција бр. 10-710/5 од 24.4.2025 година, во функција на спроведување на постапка за вработување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа Одлука, а по објавениот оглас број 187/2025 објавен на ден 23.4.2025 година, во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха, спроведе постапка за селекција за вработување за горенаведеното работно место.

По спроведентата постапка на административна селекција, испитот за административен службеник и проверката на веродостојноста на доказите и интервју, Комисијата изготви Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција со Предлог за вработување на кандидати по број 10-710/10 од 27.5.2025


Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Ул. „Македонија" бр. 27, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3131062
+389 2 3150033
www.ea.gov.mk

година, врз основа на што Државниот секретар на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администратција во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**Доставено до :**
-Избран кандидат,
-Агенција за администрација,
-Архива

Државен секретар,
на Министерство за енергетика,
рударство и минерални суровини
Горан Јовановски

Подготвил: Сања Чамевска
Контролирал: Јован Несторовски
Одобрил: Наташа Радуловска